Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

# Посебен извештај

## за состојбите во Прифатните центри за сместување и задржување на бегалци/мигранти

Претставници на Народниот правобранител во периодот јануари – август 2019 година, во рамки на проектот „Подобрување на системот за правна заштита во врска со азил и натурализација“ спроведоа ненајавени посети во Прифатните транзитни центри Винојуг и Табановце, Прифатниот центар за странци во Гази Баба и Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово.

Посетите беа спроведени во врска со постапувањето со бегалците/мигрантите, третманот кон нив, како и условите и можностите за нивните права загарантирани со Законот за привремена и меѓународна заштита како и со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година.

Две од спроведените посети беа намети за утврдување на постапувањето и третманот кон поголема група на повредени лица бегалци/мигранци во сообраќајна незгода, како и во врска со примената на стандардно оперативните процедури за постапување со непридружувани малолететни деца странци, затекнати во Прифатниот транзитен центар Винојуг.

При посетите се изврши разговор со раководното лице во Установата за моменталната состојба на лица сместени во Центарот како и за одредени поспецифични промени кои настанале од последната посета.

Извршени се разговори со претставниците на граѓанските организации присутни на терен за спроведувањето на секојдневните активности како и за постапките кои се водат за лицата бегалци, како и разговори со лица бегалци во врска со третманот и остварувањето на нивните права.

## 1. Прифатен центар за баратели на азил - Визбегово

Прифатниот центар за баратели на азил Визбегово кој е под надлежност на Министерството за труд и социјална политика, беше посетен на 12.03, 17.05, 26.07 и 01.08.2019 година.

При посетата на ден 12.03.2019 година, во Прифатниот центар за баратели на азил беа сместени вкупно 16 лица баратели на азил со потекло од Русија, Авганистан, Пакистан и Иран. На ден 17.05.2019 во евиденцијата беа евидентирани вкупно 20 лица баратели на азил со потекло од Русија, Авганистан, Пакистан, Гана, Мароко, Бангладеш, Алжир, Сирија и Непал, од кои 2 лица беа непридружувани малолетници со потекло од Иран и Сирија. При посетата спроведена на ден 26.07.2019 во Центарот беа регистрирани вкупно 43 лица баратели на азил со потекло од Русија, Авганистан, Пакистан, Иран, Мароко, Бангладеш и Босна и Херцеговина, од кои 6 лица беа непридружувани малолетници од Авганистан и Пакистан.

Оттука во период од месец март до јули, согласно евиденцијата во Прифатниот центар за баратели на азил беа евидентирани вкупно 79 лица баратели на азил.

Посетата на ден 01.08.2019 година беше наменска посета по добиени сознанија за случај со сместување на две непридружувани малолетни деца странци, коишто на два пати бегаат од згрижувачко семејство и се упатуваат во овој Центар.

За бегството на децата посебниот стартел бил известен од страна на Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово и истиот веднаш се упатил во Центарот каде што разговарал со непридружуваните малолетници при што истите повторно биле сместени во истото згрижувачко семејство како единствена алтернатива за сместување на оваа категорија на лица. Потоа малолетните лица повторно избегале на ден 31.07.2019 година и повторно се вратиле во Прифатниот центар за баратели на азил Визбегово каде со Решение Уп3023-197 со примена од ден 31.07.2019 година  и Решение Уп3023-198 со примена од ден 31.07.2019 година донесени од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје им е обезбедено привремено сместување и згрижување во Прифатниот центар.

Во текот на посетата беше спроведен разговор со управителот на Прифатниот центар и со двете непридружувани деца во присуство на преведувач обезбеден поради постоењето на јазичната бариера.

Управителот информира дека од страна на посебниот старател на децата било побарано истите да бидат сместени во Прифатниот центар за баратели на азил, и тоа сами во посебна соба, што е и направено. Претставниците на Народниот правобранител при посетата констатираа дека иако во моментот во Прифатниот центар се извршуваа градежни работи успешно е обезбедена една соба во која се сместени малолетните лица.

Претставниците на Народниот правобранител во разговор со управителот меѓу другото беа информирани дека малолетните лица не сакаат да останат во Прифатниот центар, ниту во Република Северна Македонија и истите во прва прилика ќе го напуштат Прифатниот центар, за што е информиран и нивниот посебен старател.

Во разговор со децата, со помош на преведувач добиени се информации дека крајната цел на двете непридружувани деца е Франција, каде што се наоѓа наводно нивниот постар брат Рашид, кој живее со неговата девојка. Имено, двете деца заминале од Пакистан поради лошите услови за живот во рамки на нивното семејство, заради нивниот татко за кој наведоа дека е зависник од алкохол, при што истите биле физички и психички малтретирани од негова страна. Поради наведената причина, по кажување од децата, мајката заедно со братот кој живее во Франција се договориле и одлучиле истиот да им прати пари и да ги спроведе заедно Хуснен и Хасан по илегален пат до Франција.

За конкретниот случај со двете непридружувани малолетни лица, во рамки на Народниот правобранител се отвори предмет по кој постапува Одделението за заштита при Канцеларијата на Народниот правобранител, а беше упатена и Препорака до Министерството за труд и социјална политика во однос на непостоењето на соодветни алтернативи за сместување на ранлива категорија на лица, во случајов непридружувани малолетни лица.

## 1.1 Разговор со Управителот на Прифатниот центар за баратели на азил

Од разговорот со Управителот на Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово се добиени информации дека е изготвена листа на здруженија коишто пружат бесплатна правна помош, од која листа барателите на азил ќе можат да изберат кој ќе ги застапува во постапките пред Секторот за азил при Министерство за внатрешни работи за признавање на право на азил.

Управителот информираше дека во Прифатниот центар за баратели на азил е изготвен документ - Програма за рана интеграција на лица баратели на азил, кој има за цел да им овозможи на барателите на азил навремен пристап до соодветни програми преку кои ќе развијат знаење и вештини за полесна и рана адаптација во новата средина. Воспоставената програма претставува рамка за изготвување на поединечни програми на организациите кои работат во

ЈУ „Прифатен центар за баратели на азил“ Визбегово, соодветно за седум дена односно шест и повеќе месеци.

Имено, од увидот во Програмата за баратели на азил, НП констатира дека истата има 3 компоненти и тоа: со краткорочен карактер до 7 дневен престој, среднорочен до 6 месеци и долгорочен престој во Прифатниот центар за баратели на азил над 6 месеци, и содржи повеќе активности меѓу кои: групни и индивидуални советувања со цел подобрување на психо-социјалната состојба на лицата, напредно изучување на македонски и странски јазик со цел подобрување на јазичните вештини, стручни обуки со цел стекнување вештини за поголема конкурентност на пазарот на трудот, како и окупациски работилници за изразување на креативноста на барателите на азил во кои ќе се вклучат и здруженија на граѓани.

Во разговор со Управителот, во поглед на медицинската заштита во Прифатниот центар за баратели на азил, констатирано е дека за разлика од претходно кога во Установата докторот беше присутен 2 пати неделно, сега докторот е присутен во Центарот три пати неделно (понеделник, среда и петок) по 4 саати со работно време од 9 до 13 часот, а по потреба доаѓа и на повик.

Докторот кој ги дава здравствените услуги за барателите на азил е вработен од страна на Црвениот Крст.

Покрај наведеното добиени се информации дека Управителот на оваа Установа превзема мерки да го регистрира Прифатниот центар за баратели на азил како самостојна установа со што ќе функционира со свој буџет и организациска поставеност.

### 1.2 <u>Разговор со баратели на азил во Прифатниот центар</u>

Дванаесет лица баратели на азил изразија желба да разговараат со претставници на НП односно за третманот кој го добиваат од службените лица, за можностите за остварување на нивните права, како и за текот на нивните постапки за признавање на право на азил и информациите околу истите.

Притоа овие лица со кои Народниот правобранител спроведе разговори по потекло се од: семејство од Пакистан, ранлива категорија на лице со повредена нога од Авганистан, лица од Мароко, Пакистан и Авганистан коишто беа затекнати во Прифатниот центар, а меѓу нив има и непридружувани малолетни лица со потекло од Авганистан и Пакистан.

Констатираната состојба на Народниот правобранител заедно со надворешните соработници психолог и психијатар во однос на психо – социјалната состојба констатирана во Посебниот извештај на ден 27.11.2018 се

потврди при посетите извршени од јануари до август 2019, од разговорите со барателите на азил сместени во оваа Установа.

Со оглед на фактот што на најголемиот дел од барателите на азил барањата за признавања на право на азил им се одбиени, постапките се во фаза пред Управен и Виш управен суд, фактот што во текот на изминатата 2018 година на ниту едно лице барател на азил не му е признаено правото и се нема стекнато со статус на признаен бегалец, доведува до состојба на анксиозност и депресија кај лицата и неретко се случува појава на самоповредување како и меѓусебна нетолеранција и нетрпеливост.

Народниот Правобранител констатира дека од увидот во евиденцијата којашто се води за барателите на азил, 5 лица се повеќе од една година сместени во Центарот и во разговор со истите се добиени следниве информации:

Лицето со потекло од Русија е речиси 2 години сместено во Центарот и станува збор за лице со нестабилна психичка состојба за кое неколку пати е интервенирано од страна на ЈЗУ Психијатриска болница Бардовци, кадешто лицето било сместувано во неколку наврати.

Постапката што се води за ова лице моментално е пред Вишиот Управен Суд од каде се чека одговор. Лицето изјавило желба да се врати во матичната држава, но ниту Црвен Крст ниту Интерпол не успеале да најдат било какви податоци за ова лице и неговото семејство.

Беше извршен разговор со семејство од Пакистан, коешто истакна дека се задоволни од условите во Центарот и дека сакаат да останат на територија на Република Северна Македонија. Едно од децата веќе имаше стекнато основни познавања за комуницирање на македонски јазик. Мајката информираше дека децата посетуваат курсеви за изучување на македонскиот јазик како и дека посетуваат одредени активности како цртање, компјутери, културни активности.

На ден 10.07.2019 во Прифатниот центар за баратели на азил е сместено лице со потекло од Авганистан коешто е со пресечено стапало при обидот да се качи во воз, по што било веднаш спроведено до јавно здравствена установа од каде бил однесен во Прифатниот транзитен центар Табановце кадешто престојувал скоро 3 месеци.

Во однос на реализирањето на Програмата за рана интеграција на лица бегалци сместени подолго време во Центарот, дел од лицата информираа дека само мал дел активности коишто се предвидени во оваа Програмата за рана интеграција се исполнуваат. Имено, лицата истакна дека единствено се изведуваат курсевите за изучување на македонски јазик, а кога беа прашани за останатите активности предвидени со овој документ за рана интеграција истакнаа дека воопшто не се запознаени со истите.

Иако програмата предвидува групни и индивидуални советувања со барателите на азил со цел подобрување на психо – социјалната состојба на лицата, информираа дека овие советувања воопшто не се остваруваат и дека имаат потреба од индивидуални и групни советувања со цел подобрување на нивната психосоцијална состојба со оглед на фактот дека станува збор за лица коишто се подолго време сместени во Центарот, со недвосмислена желба да останат на територијата на Република Северна Македонија, а се одбивани во постапките за признавање на право на азил.

Она што истакнаа барателите на азил сместени во Центарот е дека немаат посериозни забелешки на третманот од службените лица, задоволни се од материјалните услови и сместувачки капацитети кои ги нуди Центарот. Во однос на храната истакна дека се задоволни од истата. Во однос на постапките за признавање на право на азил информираа дека се незадоволни поради фактот што истите траат премногу долго и истовремено изразија загриженост затоа што во изминатата 2018 години ниту едно лице барател на азил не се стекна со статус на признаен бегалец.

Информираа дека им недостасува поорганизирано исполнување на нивното слободно време за време на нивниот престој во Прифатниот центар за баратели на азил преку воведување на поголем број на дополнителни активности.

Во поглед на дополнителните активности изразија желба и потреба од почесто функционирање на теретаната и компјутерскиот центар, за кои истакнаа дека не секогаш се отворени и достапни за користење.

Генералната забелешка на барателите на азил со кои беше извршен разговор во Центарот е дека иако лицата имаат недвосмислена желба да останат во Република Северна Македонија се свесни дека изминативе години е минимален бројот на случаи на лица кои добиле статус на признаен бегалец и коишто влегле во процесот на интеграција.

### **1.3 Разговор со претставници на граѓански организации**

Претставниците на Народниот правобранител спроведоа разговори и со претставници на граѓанските здруженија коишто се секојдневно присутни во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово во однос на нивните активности коишто се наменети за барателите на азил сместени во Центарот, од граѓанските организации во Прифатниот центар со свои простории секојдневно се присутни: Отворена Порта – Ла Страда, Здружението на млади правници и Језуитската служба за бегалци.

Во разговорот со претставникот на граѓанската организација Отворена Порта – Ла Страда, која главна активност и е откривање на случаи за трговија

со луѓе како и потенцијални жртви на насилство, се добиени информации дека оваа организација е секојдневно присутна на терен, им помага на барателите на азил и ја следи состојбата со можни случаи за потенцијални жртви на трговија со луѓе.

Во периодот од месец јануари до месец август не е нотиран случај на трговија со луѓе.

Особено внимание посветуваат на децата и непридружуваните малолетни лица сместени во Центарот преку активности, содржини за анимација и континуиран разговор и советување за актуелните проблеми и предизвици со кои се соочуваат овие лица.

Претставниците на Македонското здружение на млади правници и претставникот на Језуитската служба за бегалци како две организации задолжени за пружање на бесплатна правна помош и правно советување на барателите на азил, информираа дека од неодамна во Центарот им е оставен избор на барателите на  азил во однос на избирањето на својот правен застапник и полномошник во постапките за признавање на право на азил.

Претставникот на Језуитската служба за бегалци изрази особена загриженост поради фактот што во текот на 2019 година, во Прифатниот центар за баратели на азил биле сместени дури 37 непридружувани деца странци, без притоа да се искористи алтернатива за нивно соодветно сместување според начелото за најдобриот интерес на детето.

Имено, со оглед на фактот што оваа Установа е од отворен тип и не е во можност да обезбеди 24 часовно присуство и контрола од страна на службени лица за  непридружуваните деца странци, малолетните лица за многу краток временски рок го напуштаат Центарот од каде се губи траг за нив.

## 2. Прифатен Центар за странци Гази Баба

Во периодот од јануари до август, извршени се 4 посети на Прифатниот центар за странци во Гази баба којшто е под надлежност на Министерството за внатрешни работи на 22.01, 07.03, 02.04 и на 29.05.2019, при што фокусот е ставен на задржувањето на лица бегалци како сведоци во постапка и непридружувани малолетни лица.

Народниот правобранител загрижено констатира дека сеуште е присутна појава на сместување, односно задржување на малолетни лица во овој Центар и алармира да се запре со оваа пракса и да се изнајдат алтернативи на сместување на оваа категорија лица.

Според добиените податоци од службените лица во Прифатниот центар за странци, во периодот од јануари до јуни 2019 година во Прифатниот центар биле задржани 19 малолетни лица, кои по поднесување на барање за признавање на право на азил биле префрлени во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово.

Од увидот во книгите за евиденција се забележува дека малолетните лица се задржуваат краток временски период (најчесто 3 до 4 денови) и најчесто се задржувани како сведоци во постапка. По завршување на постапката, единствено место во кое се сместуваат малолетните лица, доколку се баратели на азил се префрлаат во Центарот за баратели на азил Визбегово, кадешто им се назначува старател.

Она што особено го загрижува Народниот правобранител е фактот што и покрај тоа што постојат алтернативи за сместување на непридружувани малолетни лица во Република Северна Македонија, истите не се користат и се продолжува задржување на децата во Прифатниот центар за странци.

Имено, Објектот за сместување на ранлива категорија на баратели на азил – Безбедна куќа којшто во изминатите години се користеше како алтернатива за сместување и згрижување на ранлива категорија на лица бегалци баратели на азил не се користи веќе за таа намена од причина што Меморандумот за соработка којшто го имаат склучено ЈУ МЦСР на град Скопје и Језуитската служба за бегалци е официјално истечен на 23.07.2019 години, кој беше со важност во период од 4 години и истиот не е продолжен.

Во периодот јануари – август дури 19 непридружувани деца странци престојувале и биле задржани во Прифатниот центар за странци во Гази Баба до завршување на постапката пред Основното јавно обвинителство и заедно со групата биле префрлувани во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово.

За Народниот Правобранител е неприфатливо згрижувањето на децата во вид на Установа која не нуди постојан надзор врз децата, континуирано внимание од стручни лица и професионалци коишто ќе овозможат психо-социјална поддршка на децата со соодветни креативни и образовни активности соодветни за нивната возраст.

Обврска на Република Северна Македонија како потписничка на бројни меѓународни конвенции за заштита на правата на децата и бегалците е да овозможи хуман третман и безбедно сместување на лицата бегалци, особено на непридружуваните деца имајќи ја во предвид нивната ранливост и ризик да станат жртви на трговија со луѓе што е прецизирано и во член 22 од Конвенцијата за правата на детето кој гласи: "**Државите членки преземаат соодветни мерки на детето кое бара статус на бегалец или се смета за бегалец во согласност со соодветниот меѓународен или национален закон и постапки, без оглед дали детето е во придружба на своите родители или некое друго лице или не, да му овозможат да добие соодветна заштита и хуманитарна помош во остварување на правата содржани во оваа Конвенција и во другите меѓународни интструменти за правата на човекот чии членки се споменатите држави**".

Државата и Министерството за труд и социјална политика мора да овозможи расположливи сместувачки капацитети за сместување на ранлива категорија лица бегалци и непридружувани малолетни лица коишто ќе бидат под постојан надзор од страна на стручни лица коишто ќе превенираат состојба на исчезнување на непридружувани деца странци ширум постојните сместувачки капацитети во Република Северна Македонија.

На посетата на ден 02.04.2018 година беше извршен разговор со лице со потекло од Турција. Од спроведениот разговор Барателот на азил информираше дека од 08.03.2019 година е задржан во Прифатниот центар за странци во Гази Баба, каде поднел барање за признавање на право на азил на 15.03.2019 година но се до денот на посетата, сеуште не било донесено Решение кое содржи правен основ по кој барателот за азил е задржан во Центарот за странци, ниту дека истиот треба да се префрли во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово.

Со оглед на тоа дека не постои законски основ за задржување на барател на азил во Прифатниот центар за странци, Народниот правобранител отвори предмет во Одделот за заштита и побара во најкраток можен рок барателот или да се префрли во Центарот во Визбегово, или да се донесе соодветно Решение за задржување во Прифатниот центар во Гази баба, но при следната посета спроведена на 29.05.2019 претставниците на Народниот правобранител беа информирани дека лицето избегало од Центарот.

Управителот на Прифатниот центар за странци информираше дека лицето доцна вечерта по последната проверка во 01:00 часот успеал да ги скрши металните решетките на прозорот и да избега во непознат правец. Она што го загрижува Народниот правобранител е објаснувањето за бегството на ова лице. Доколку станува збор за лице за кое постои безбедносен ризик и можност за бегство, неприфатливо е што ова лице воопшто не е проверено во текот на ноќта и на тој начин му е оставено  доволно време и слобода до го реализира бегството.

При проверка на собите следното утро констатирано е бегството на лицето. Управителот на Центарот истакна дека е пристапено кон проверка на безбедносните камери и она што особено загрижува е фактот што камерата којашто е поставена за директен надзор на просторијата во која бил сместен турскиот државјанин веќе подолг временски период е нефункционална.

За овој проблем со камерата управителот на Центарот информираше дека е известено Министерството за Внатрешни работи со проблемска информација. Во однос на настанатата состојба и бегството на турскиот државјанин е покрената постапка од страна на одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, за утврдување на евентуална одговорност за непостапување на одредено службено лице.

Народниот правобранител за овој случај отвори предмет во рамки на Одделението за заштита при што се обрати до Министерството за внатрешни работи барајќи информации за евентуална одговорност на одредено службено лице како и за проблемот со камерата и покренатата постапка пред Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Од спроведен разговор со друго лице задржано во центарот за странци, Народниот правобранител доби информација дека иако лицето остварило влез во Република Северна Македонија преку Република Грција, земја во која постои реална опасност по неговиот живот, сепак лицето било информирано дека ќе биде протерано во Република Грција.

Согласно **член 14** од **Законот за меѓународна и привремена заштита** кој се однесува на принципот на невраќање, без разлика дали станува збор за лице со статус на признаен бегалец, лице под супсидијарна заштита или лице кое не може да ужива право на азил во Република Северна Македонија, не може да се протера или на било каков начин врати во границите на државата или местото на претходен престој доколку би бил подложен на прогонување, мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и во која неговиот живот или слобода би биле во опасност поради раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или политичко уверување.

## 3. <u>Прифатни транзитни центри Винојуг и Табановце</u>

Народниот правобранител спроведе вкупно 6 посети на Прифатните транзитни центри Винојуг и Табановце.

Прифатниот транзитен центар Винојуг беше посетен на: 06.03, 21.05 и 24.07.2019 година, а Прифатниот транзитен центар Табановце на 05.03, 16.05 и 31.07.2019 година.

Бројот на лица сместени во Прифатните транзитни центри Винојуг и Табановце е многу променлив и варира на дневна основа. Од добиените информации од граѓанските организации, во камповите можеше да се забележат од 18 лица сместени кон крајот на јануари, па се до 45 лица сместени во еден ден кон крајот на месец јули.

Лицата мигранти/бегалци многу краток временски период се задржуваат на територија на Република Северна Македонија. Најчесто по првичната регистрација, и пружањето на првата помош, медицинска, како и добивање на оброк и вода, го напуштаат кампот и ја продолжуваат својата дестинација.

### <u>3.1. Прифатен транзитен центар Винојуг</u>

Претставниците на Народниот правобранител на ден 24.07.2019 година спроведоа ненајавена посета на Прифатниот транзитен центар Винојуг во Гевгелија.

Посетата беше наменска со цел да се изврши увид во постапувањето и третманот кон 33 лица повредени мигранти коишто беа сместени во Прифатниот транзитен центар по настанатата сообраќајна незгода на ден 19.07.2019 година на автопатот Скопје - Гевгелија, сите со потекло од Авганистан.

Народниот правобранител изврши увид во медицинската документација којашто се води од страна на лекарскиот тим ангажиран од Меѓународната организација за миграција (ИОМ) за повредените мигранти и спроведе разговори со лицата сместени во Прифатниот транзитен центар Винојуг.

Од разговорите со повредените лица мигранти, како и од увидот во медицинската документација, Народниот правобранител констатира дека кај 9 лица од вкупно 33 лица е извршена медицинска интервенција, од кои 3 лица се со потешки телесни повреди.

Од овие 3 лица коишто се со потешки телесни повреди, 1 лице се здобило со фрактури на вратот и рамото, 1 лице е со скршеници на ногата и 1 лице со контузија во лумбалниот дел. Сите три лица се мобилизирани со гипс лонгета и

се пуштени на домашно лекување, моментално сместени во Прифатниот транзитен центар Винојуг.

Со оглед на фактот што станува збор за лица коишто се сместени во ПТЦ Винојуг, а истиот не располага со соодветна грижа и нега за овие лица, Народниот правобранител констатира дека Прифатниот транзитен центар Винојуг не е соодветно место за нивно сместување.

Лицата се тешко подвижни и имаат потреба од помош при извршувањето на секојдневните обврски и потреби како јадење, пиење, шетање, помош при извршување на физиолошките потреби, капење и сл.

Народниот правобранител спроведе разговори со дел од повредените лица мигранти со коишто разговараше во однос на околностите кои довеле до сообраќајната незгода, третманот кон нив по настанот и постапувањето на Црвениот крст и останатите организации присутни на терен.

Во разговор со дел од мигрантите, истакнаа дека генерално се задоволни од третманот и постапувањето на Црвениот Крст и останатите организации присутни на терен, задоволни се и од односот во болниците во коишто биле спроведени на дополнителни интервенции и укажување на медицинска грижа, но истовремено изразија загриженост поради фактот што во Прифатниот транзитен центар Винојуг нема специјализирани лица коишто секојдневно ќе се грижат за најтешко повредените лица коишто имаат потреба од постојана нега и медицинска грижа.

Покрај фактот што Прифатниот транзитен центар нема доволно стручен персонал којшто ќе се грижи и ќе им помага на тешко повредените лица, она што е загрижувачко е што во Прифатниот транзитен центар има недостаток на вода и храна на што се пожалија дел од повредените мигранти.

На повредените лица им помагаат лица од невладините и меѓународните организации како и луѓе коишто патувале со нив, меѓутоа помошта од лицата коишто се сместени во приколките не е решение за сериозно повредените лица кои имаат потреба од стручни луѓе со постојана нега и грижа.

Прифатниот транзитен центар Винојуг не располага со соодветни сместувачки капацитети, ниту пак со соодветен професионален и стручен кадар коишто ќе им помогне на оваа категорија на лица.

Народниот правобранител информира дека ова не е прв ваков случај на сместување на лица со потешки телесни повреди на коишто ПТЦ Винојуг не може да одговори соодветно на нивните потреби и барања.

Согласно член 32 од Законот за народен правобранител, Народниот правобранител упати препорака до Министерството за здравство во која препорача итно превземање на мерки за обезбедување на соодветни

сместувачки решенија за овие лица се до нивно целосно закрепнување, мерки за редовно и континуирано следење на нивната здравствена состојба и траумите од сообраќајната несреќа.

Воедно Народниот правобранител препорачува да престане праксата на сместување на лица со потешки повреди во Прифатниот транзитен центар Винојуг, коишто имаат потреба од соодветна медицинска помош како и помош при извршување на секојдневните обврски.

Народниот правобранител спроведе разговор и со претставникот на Меѓународната организација за миграција (ИОМ) кој информираше дека во однос на постапките за доброволно враќање на лица бегалци, во текот на месец јануари успешно биле вратени 2 лица во Иран, во текот на месец февруари 2 лица од Иран, март исто така 2 лица од Иран, во месец мај едно лице било вратени во Мароко, во јули месец едно лице од Пакистан се откажало од постапката за доброволно враќање и едно лице од Алжир е моментално во постапка за доброволно враќање во својата матична земја.

За време на посетата, Народниот правобранител затекна и две малолетни лица без придружба Хасан Али и Хуснен Али со потекло од Пакистан, браќа на возраст од 10 и 12 години.

Двете деца во Прифатниот транзитен центар Винојуг пристигнале на ден 22.07.2019 година заедно со поголема група на полнолетни лица, од којашто како ранлива категорија на лица биле издвоени и сместени во Прифатниот транзитен центар Винојуг согласно Стандардно оперативните процедури за постапување со непридружувани малолетници.

На двете непридружуваните малолетни лица, имајќи ја во предвид нивната особената ранливост а со цел заштита на нивните права во сите постапки и дејства што се преземаат од страна на административните органи во согласност со начелото „во најдобар интерес на детето“, веднаш им е назначен посебен старател.

На ден 25.07.2019 година малолетните деца во присуство на старателот во ПС за ГП и ГН „Богородица“ поднеле усно барање за признавање на право на азил, со што официјално се стекнале состатус на баратели на право на азил во Република Северна Македонија

Со оглед на фактот што непридружуваните деца се со статус баратели на азил и во постапка за признавање на право на азил, на барање на посебниот старател од Гевгелија е иницирана постапка за назначување на старател во посебен случај којшто ќе ги превземе непридружуваните деца од нивниот посебен старател на територија на град Скопје, каде ќе ги штити нивните права и интереси во постапката пред Министерството за внатрешни работи и другите надлежни институции, како и да им обезбеди соодветно сместување.

Стручниот тим при МТСП поднесе барање до Службата за старателство и заштита на деца без родители и родителска грижа и старателство и заштита на возрасни и стари лица – Оддел за старателство и заштита на деца без родители и родителска грижа за сместување на непридружуваните деца во згрижувачко семејство и со Решение Уп1-3001-466 од ден 31.07.2019 година и Решение Уп1-3001-473 од ден 31.07.2019 година на Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје децата интервентно се сместуваат во згрижувачко семејство со локација во Оризари, сметано од ден 25.07.2019.

Тргнувајќи од најдобриот интерес на детето и правото на грижа и соодветно згрижување, согласно Конвенцијата за правата на детето претставници од Канцеларијата на народниот правобранител изврšија увид во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, при што беше извршен непосреден увид на документацијата содржана во досиета на двете деца, а остварен беше и разговор со назначениот старател во посебен случај на децата.

Од спроведените разговори со бегалците/мигранти сместени во Прифатниот транзитен центар Винојуг изминативе неколку месеци, Народниот правобранител констатира дека е воспоставена негативна пракса на селективен пристап до постапката за признавање на правото на азил.

Имено, дел од бегалците информираа дека им била оневозможено да поднесат барање за признавање право на азил, со изговор од службените лица дека лицата секако нема да добијат статус на признаен бегалец по што би следело нивно протерување во Република Грција.

Народниот правобранител остро го осудува ваквото постапување на службените лица и потесетува дека согласно Законот за привремена и меѓународна заштита, секое лице бегалец има неприкосновено право за пристап до постапка за признавање на право за азил.

## 3.2. Прифатен транзитен центар Табановце

Од спроведената посета на Прифатниот транзитен центар Табановце, на ден 31.07.2019 година претставници на Народниот правобранител констатираа дека во кампот се евидентирани вкупно 7 лица од кои 3 лица со потекло од Пакистан, 1 лице од Авганистан, 1 лице од Ирак, 1 лице од Сомалија и 1 лице од Сирија. Сите наведени лица се полнолетни и од машки пол.

Од разговорот со претставникот на МТСП, Народниот правобранител утврди дека во текот на месец јуни 2019 година вкупно 179 лица биле сместени во кампот (од кои 158 полнолетни лица и 21 малолетни лица), а во текот на

месец јули 2019 година вкупно 146 лица биле сместени во кампот (од кои 143 полнолетни лица и 3 малолетни лица).

Во однос на моментално активните домашни и меѓународни организации и институции на терен, претставникот на МТСП информираше дека и понатаму присутни се: Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Центар за управување со кризи, Високиот комесаријат за бегалци (UNHCR), Црвен крст, Легис, Меѓународна организација за миграции (IOM) и Македонско здружение на млади правници (MYLA).

Претставникот на Меѓународната организација за миграции (IOM) информираше дека во последните два месеци нема случаи на доброволни враќања на лица бегалци во своите матични земји. Имено, за 1 лице со потекло од Индија и 1 лице со потекло од Мароко била поведена постапка за доброволно враќање, но истите потоа се откажале. Исто така, претставникот на IOM посочи на потешкотиите со кои се соочуваат при спроведување на постапката за доброволно враќање, во однос на лица кои потекнуваат од одредени земји како што се Авганистан, Пакистан, Бангладеш кои немаат свои амбасади во Република Северна Македонија.

Претставниците на Народниот правобранител во рамки на оваа посета посветија особено внимание на малолетните лица, со фокус на непридружуваните деца странци. Со оглед на тоа што во изминатиот период лицата кои пристигнуваат во Прифатниот центар, меѓу кои и малолетните лица, се задржуваат релативно краток временски период, претставникот на ИОМ информираше дека не се организирани никаков вид на активности за анимирање и едукација на децата.

Во периодот од 22.05.2019 година до денот на посетата, по добиена информација од претставникот на МТСП, во Прифатниот центар пристигнале вкупно 25 малолетни лица – непридружувани деца странци, кои веднаш или најмногу во рок од 3-4 дена го напуштиле кампот.

Во однос на случаи на пристигнување на непридружувани малолетни лица во Прифатниот транзитен центар, претставникот на МТСП информираше дека во месец јули според евиденцијата која се води од страна на МТСП е забележано намалување на бројот на непридружувани деца и изнесува вкупно 3 лица. Имено, две непридружувани деца веднаш по пристигнувањето во кампот биле вратени во Прифатниот транзитен центар Винојуг, заедно со групата со која пристигнале.

Покрај тоа, нотиран е и случај на бегство од кампот од страна на непридружувано малолетно лице. Имено, на лицето му бил назначен старател веднаш по пристигнувањето во Прифатниот центар, но во доцните вечерни часови истото избегало од кампот, што било и очекувано со оглед на неговата

изјава дека не сака да остане во државата, ниту да биде сместен во соодветно место за оваа категорија на лица.

Во поглед на здравствената состојба и преземените медицински интервенции врз лицата бегалци кои пристигнуваат во Прифатниот центар, претставникот на ИОМ посочи еден специфичен случај за лице кое се здобило со изгореници по телото (задната страна од телото му била опфатена во целост), кои биле последица на струен удар при обид на лицето да се качи на воз.

Повреденото лице веднаш било пренесено во болница во Скопје, но за краток временски период од само неколку дена било пуштено на домашно лекување, што во оваа конкретна ситуација подразбира лекување во сместувачките капацитети на Прифатниот транзитен центар, за што Народниот правобранител констатира дека нема доволно услови истото да се спроведе. Согласно тоа, очигледна е разликата помеѓу начинот на спроведување на домашно лекување и „домашното лекување“ предвидено во овој случај, каде лицето ги нема потребните услови за заздравување и во случај на потреба од било каква помош, истата може да ја добие надевајќи се единствено на добрата волја и хуманост на останатите лица присутни во кампот.

Од разговорот со претставникот на ИОМ, меѓу другото Народниот правобранител доби и информација во врска со храната во Прифатниот транзитен центар Табановце. Лицата во кампот најчесто добиваат конзервирана храна, а понекогаш и топли оброци, за чие снабдување и понатаму се грижи Каритас. Покрај тоа, бевме информирани и за поплаки од страна на лицата бегалци за малата количина на храна која ја добивале и истата не била доволна за подготвување на храна за сите лица присутни во кампот.

## Констатирани состојби:

1. Народниот правобранител констатира дека Програмата за рана интеграција на лица баратели на азил во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово не се спроведува во целост, односно не се реализираат предвидените активности поради што на лицата им недостасува поквалитетно исполнување на нивниот ден за време на нивниот престој во Центарот;

2. Покрај укажувањата и препораките на Народниот правобранител да се запре негативната пракса на задржување на малолетни лица во Прифатниот центар за странци во Гази Баба, оваа појава е сеуште присутна и во 2019 година и повторно се нотирани случаи на задржување на малолетни лица;

3. Иако со малолетните лица коишто транзитираат низ Република Северна Македонија се постапува во согласност со Стандардните оперативни процедури за постапување со малолетни лица за назначување на старател, сепак Народниот правобранител утврди дека отсуствува посериозно постапување и контрола над нив, со оглед на фактот што како ранлива категорија лица се потенцијални жртви на трговија со луѓе;

4. Констатирано е дека отсуствува посериозна контрола и безбедносни мерки во однос на задржаните лица во Прифатниот центар за странци во Гази Баба, особено за оние лица кај кои постои ризик за можно бегство од Центарот што се потврди и со случајот на бегство на турскиот државјанин;

5. Народниот правобранител загрижено констатира дека негативната појава на ограничување на пристапот до постапката за признавање на право на азил од страна на службени лица од Министерството за внатрешни работи која по претходна пропорака од страна на Народниот правобранител беше отстранета, повторно е присутна.
   Народниот правобранител особено го критикува образложението на Министерството за внатрешни работи дека „лицата секако не би се стекнале со статус на признаен бегалец“;

6. Иако во Прифатните транзитни центри Винојуг и Табановце нема соодветни услови за третман и лекување на лицата кои имаат потреба од специјализирана медицинска помош како и помош при извршување на секојдневните обврски, пракса е овие лица да се сместуваат во Центрите.

## Препораки:

1. Народниот правобранител му препорачува на **Министерството за внатрешни работи** да преземе соодветни мерки за зголемување на мерките за безбедност во Прифатниот центар за странци Гази Баба и мерки за овозможување функционален видео надзор во објектот како во внатрешниот така и во надворешниот дел. Исто така препорачува да се преземат мерки за зголемување на безбедноста и контролата над задржаните лица во Прифатниот центар со цел превенирање на бегство.

2. Министерството за внатрешни работи да преземе мерки заради овозможување на секое лице бегалец да има непречен пристап до постапката за признавање на право на азил, селективниот пристап од службените лице на МВР и обидите за попречување сериозно да се испитаат и најстрого да бидат санкционирани.

3. **Министерството за внатрешни работи** и **Министерството за труд и социјална политика** да преземат мерки за зајакнување на контролата врз непридружуваните малолетни лица заради нивен соодветен третман и превенирање на самоволното напуштање на Прифатните центри со што ќе престане негативната пракса да се губи траг на оваа категорија на лица, а Министерствата да немаат подароци за тоа кога овие лица заминале и каде се упатиле по нивното заминување. Народниот правобранител особено укажува дека станува збор за ранлива категорија на лица која е подложна на можна трговија со луѓе, како и друг вид на злоупотреба.

4. Народниот правобранител препорачува **Министерството за внатрешни работи** веднаш да запре со праксата на задржување на малолетни лица во Прифатниот центар за странци Гази Баба, а истовремено му препорачува на **Министерството за труд и социјална политика** согласно начелото за „најдобар интерес на детето“ да ја разгледа можноста повторно да се стави во функција Безбедната куќа или да се изнајдат соодветни алтернативи за нивно сместување, согласно меѓународните стандарди за сместување на непридружувани малолетни лица како во однос на вклучување на лицата во различни активности така и во однос на образовани, здравство, вклучувајќи го и семејното обединување како примарен интерес за оваа категорија на лица.

5. Да се преземат мерки од страна на **Министерството за труд и социјална политика** за целосно и непречено имплементирање на активностите предвидени во Програмата за рана интеграција на барателите на азил во Прифатниот центар за баратели на азил.

6. Народниот правобранител му препорачува на **Министерството за здравство** во континуитет да ја следи состојбата со лицата во Прифаните

центри Винојуг и Табановце и да создаде услови за непречен здравствен третман како и мерки за лекување на лицата бегалци кои имаат хронични (потешки) заболувања и лица со телесни (особено тешки) повреди за нивно лекување во соодветни здравствени установи.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**Иџет Мемети**